Друштво за осигурување

**ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје**

# УСЛОВИ
# ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ОД ПРОВАЛНА КРАЖБА И РАЗБОЈНИШТВО

Април 2019 година

**ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ**
**Член 1**

Предмет на осигурување од опасностите наведени во членот 2 од овие Услови може да бидат подвижни предмети, освен:

- предмети изложени на разни изложби, саеми, панаѓури и сл.
- моторни возила, пловни објекти, приколки, самоодни машини и летала.

Предметите наведени во точката 2 од овој став може да се осигуруваат само додека се складирани во трговски и во царински складишта или додека се наоѓаат на поправка во работилници и слично.

Ако изречно се договори и се наведе во полисата, осигурени се и штиците за веслање (сурфање), кајаци, кануа, додека се наоѓаат во заклучени простории.

Осигурени се само предметите на осигуреникот и на лицата што живеат во заедничко домаќинство со него.

1. За населен стан се смета стан во кој осигуреникот има постојано живеалиште, а кој не е повеќе од 60 дена ненаселен без прекин во текот на дванаесет месеци.

Ако посебно се договори и се наведе во полисата, осигурени се и предметите на работниците што работат во местото на осигурувањето означено во полисата (член 7), како и предмети на трети лица примени за поправка, преработка, продажба, во наем, на чување, во залог на услуга и слично.

Осигурени се оние предмети што се наведени во полисата. Ако предметите се наведени како група, тогаш се осигурени како оние што постоеле во моментот при склучување на договорот така и оние што дополнително се внесени во таа група.

Предметите како група може да бидат предмет на осигурување само ако осигуреникот сметководствената евиденција ја води на начин пропишан со закон.

Кај осигурувањето на пари, хартии од вредност и сл., осигурувачот има обврска само ако осигуреникот води евиденција на начин пропишан со прописите за банкарско работење.

Предмет на осигурување може да бидат и пари во банкомати (автомати за подигнување пари), во затворен и на отворен простор.

Под сместување на банкомати во затворен простор се подразбира нивното сместување во простории со поголема фреквенција и со постојана опсервација (како на пример: внатрешност на банка, хотел, аеродромска зграда и сл.).

Под сместување на банкомати на отворен простор се подразбираат и банкоматите вградени во надворешен ѕид на деловна или на друга зграда, така што само корисната површина на банкоматот е изложена на надворешен ѕид.

Штетите од загуба на пари што ќе ги претрпи осигуреникот, а кои немаат карактер на провална кражба и разбојништво, не се надоместуваат.

**ОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ (РИЗИЦИ)**
**Член 2**

Со осигурување по овие Услови се дава осигурителна заштита од ризикот извршување или обид за провална кражба и разбојништво, како и вандализам во текот на извршување на провалната кражба.

Со осигурувањето се покриени штети од однесување, уништување или оштетување на осигурените предмети, како и штети предизвикани со оштетување на простории, инсталации и опрема во објектите во кои се наоѓаат осигурените предмети при извршување или обид за провална кражба, односно разбојништво, и тоа во висина на трошоците за поправка, но најмногу до 3% од сумата на осигурување, доколку не е договорено поинаку. Во случај на осигурување на “прв ризик”, обврската на осигурувачот за покривање на овие трошоци изнесува најмногу до 10% од сумата на осигурување на прв ризик.

Со осигурување не се покриени штети од провална кражба, односно разбојништво кај осигурување на граѓани:

извршени од членовите на семејството што живеат во заедничко домаќинство со осигуреникот и извршени со учество на некои од членовите на семејството што живеат во заедничко домаќинство со осигуреникот како наговорувачи или како помагачи.

За припадници се сметаат и лицата што во просториите каде што се наоѓале однесените или оштетените предмети живеат, работат или се примени на ноќевање.

Со осигурувањето не се покриени ниту штетите:

- од измама и проневера;
- од обична кражба кога осигуреникот со намера или од небрежност не превземал неопходни мерки за заштита и осигурување од кражба на осигурените предмети (отклучена врата, отворен прозор и слично);
- поради посредни загуби предизвикани од настанување на осигурениот случај (загуба на заработка, денгуба и слично);
- од кусокот утврден со попис (инвентарисување), па ни тогаш кога кусокот ќе се утврди пред инвентарисувањето во пописот што е извршен по осигурениот случај.

Осигуреникот е должен да ги превземе сите неопходни активности и мерки за намалување на ризикот како обезбедување на меѓупросторен систем на контрола за влез и излез (банки, казина, менувачници и слични субјекти) како и чување на паричните средства на начин утврден со закон (обезбеден сеф) и да оневозможи секој вработен да има пристап до истите.

**ОБВРСКИ НА ОСИГУРЕНИКОТ:**

Во случај на настанување на штета од ризикот провална кражба и разбојништво истиот има обврска:

- веднаш да ги преземе сите мерки кои се во негова можност за отстранување и намалување на штетата, оштетениот осигурен предмет да го обезбеди од натамошни оштетувања;
- веднаш, а најдоцна во рок од 3 дена, по дознавањето на штетата, да му пријави на осигурувачот дека на осигуреното возило настанала штета со остварување на осигурен случај и писмено да ја потврди пријавата;
- задолжително <u>сите штетни настани да ги пријави во органите на Министерството за внатрешни работи и да обезбеди записник од МВР и/или крим техника</u>

да обезбеди и да приложи записник од спроведен попис пред и по случување на осигурениот случај

**ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД ПРОВАЛНА КРАЖБА**
**Член 3**

Под провална кражба во смисла на овие Услови се смета кражба ако нејзиниот извршител:

- провали во простории во кои се наоѓаат осигурените предмети (место на осигурувањето) со разбивање или со кршење врати и прозорци или со провалување на тавани, ѕидови и подови;
- го отвори местото на осигурување со лажен клуч или со некое друго средство што не е наменето за редовно отворање, а притоа е оставена трага врз основа на која може со сигурност да се утврди провала во смисла на кривичноправен доказ;
- провали во заклучено сместувалиште во местото на осигурувањето, во кое се наоѓаат осигурените предмети, ако до сместувалиштето дошол на еден од начините што по одредбите од овој член се оквалификувани како провална кражба;
- го отвори местото на осигурување, или сместувалиштето со вистински клучеви или со нивни дупликати, доколку до клучевите дошол со едно од дејствата наведени во точките 1, 2, 3 и 5 од овој став, или со разбојништво, или со измама на малолетен член од домаќинството;
- влезе во местото на осигурувањето преку отвор што не е определен за тоа, совладувајќи пречки што оневозможуваат влегување.

Скокањето преку отворен прозорец во ниско приземје (до висина од 3 м во долниот раб на прозорецот) не се смета за провална кражба.

Од ризикот провална кражба предметите се осигурени само додека се наоѓаат во затворени и заклучени простории, односно во заклучени сместувалишта наведени во полисата.

Пари, хартии од вредност, таксени и поштенски марки, штедни книшки, скапоцени камења, благородни метали и предмети од благородни метали, вистински бисери, накит, златни предмети и колекции се осигурени од опасност од провална кражба само ако се наоѓаат во посебно заклучени сместувалишта (железни благајни, панцир-благајни, трезор и слично), доколку не се договори поинаку. Надвор од посебното сместувалиште, благородните метали и предметите од благородни метали, се осигурени само за времетраење на процесот на преработка, обработка и манипулација. (3) Стоката и другите залихи што се чуваат на отворен простор, како: градежни материјали, железна стока, земјоделски машини, автомобили и други машини и вградени делови во тие машини, автомобили и сл., може да се осигураат доколку посебно се договори, под услов просторот да е ограден со доброодржувана ограда во висина од најмалку 2 м и да постои постојан чувар.
Доколку при остварување на осигурен случај се утврди дека не постоел постојан чувар или дека оградата не е доброодржувана, осигурувачот нема обврска да ја надомести штетата.

**ОБЕМ НА ОПАСНОСТА ОД РАЗБОЈНИШТВО**
**Член 4**

Под разбојништво во смисла на овие Услови се смета одземање на осигурените предмети со примена на сила (загрозување со опасност за животот и здравјето) против осигуреникот или припадниците на неговото семејство или застрашување дека непосредно ќе се нападне на животот или телото на овие лица.
Се смета дека постои употреба на сила и тогаш кога се употребени средства за оневозможување отпор.

**ОСИГУРУВАЊЕ НА ПАРИ И НА ДРУГИ ВРЕДНОСТИ ЗА ВРЕМЕ НА ПРЕНЕСУВАЊЕ ИЛИ ПРЕВОЗ**
**Член 5**

Ако посебно се договори, со осигурувањето се опфатени:

- штети од разбојништво над лице (преносител, прекупувач, инкасант, трговски патник и сл., во натамошниот текст: доставувач) на кое му е доверено пренесувањето или превезувањето на пари, хартии од вредност, вложни книшки, чекови, акцизни и таксени марки, меници (потврди) за депозит и други скапоцености.

Со осигурувањето се опфатени до висина на сумата на осигурување за поединечен пренос, односно превезување, а најмногу до 5 000 евра ( ако поинаку не се договори и наведе на полиса), и штетите што ќе настанат за време на пренесувањето, односно превезувањето, поради:

- измама што е извршена од овие лица во смисла на поимот измама по кривичниот закон;
- кражба на осигурените вредности на доставувачот додека тој се наоѓа под непосредна телесна заштита од овластено лице.

Во договорот за осигурување на пари и на други вредносници од ставот 1 на овој член, за време на пренесување, односно превезување, мора да се означи бројот на доставувачите што по налог на осигуреникот превезуваат пари и други вредности.
Обврската на осигурувачот за секој одделен случај на пренесување или превезување пари, односно други вредности од ставот 1 на овој член започнува од моментот кога доставувачот презема пари или други вредности и трае по определен пат според налогот на осигуреникот, сè додека парите, однос- но другите вредности, не ги предаде на определеното место.
Предметите од ставот 1 на овој член за превоз со моторно возило може да се осигуруваат од опасноста разбојништво, како и од настанување и оштетување, односно уништување во случај на сообраќајна незгода.
За сообраќајна незгода во смисла на овие Услови се смета: превртување, судир, удар, лизгање, превртување на моторното возило со кое се врши превоз на вредностите, како и сите други оштетувања предизвикани од ненадејни случаи однадвор под дејство на механичка сила, а независно од волјата на договарачот на осигурувањето, односно на возачот, како и оштетувањето предизвикано ненадејно од термичко или хемиско дејствување однадвор.
Осигурувањето на пренесувањето, односно превезувањето пари и други вредности, се склучува на сума на осигурување однапред договорена и во полисата означена по еден доставувач, а отштетата се исплатува во полн износ, но најмногу до сумата на осигурување (осигурување на „прв ризик”).

За еден доставувач, ако нема придружник, сумата на осигурувањето може да изнесува најмногу 5 000 евра во денарска противвредност.

За осигурувањето на сума на осигурување од 5 000 до 15 000 евра во денарска противвредност услов е доставувачот да има придружник или парите да ги пренесува во специјален куфер предвиден за тоа, со шифра и со синџир, а за осигурување на сума поголема од 15 000 евра во денарска противвредност потребно е доставувачот да има специјален куфер со шифра и со синџир и вооружена придужба од најмалку еден вооружен придружник.

**ВРЕДНОСТ НА ОСИГУРЕНИ ПРЕДМЕТИ**
**Член 6**

Вредноста на осигурените предмети е:

- за резерви на стоки, материјали и суровини (подвижни предмети) - набавната цена, земајќи ги предвид намалување на вредноста, промената на модата и други причини, или пазарната цена ако таа е пониска од набавната;
- за резерви на готови производи и недовршено производ- ство кај производителот - производната цена или пазарната цена ако е пониска од производната;
- за резерви на земјоделски производи кај производителот - производната цена, а ако пазарната е пониска од производната - пазарната цена;
- за машини, уреди и инсталации, транспортни средства и средства за врски, инвентар и предмети за домаќинство - набавната цена на нови предмети намалена за износот на пресметаната амортизација во согласност со членот 12 од овие Услови;
- ако осигурениот инвентар е потполно уништен или украден, а осигуреникот не може да ја докаже неговата вредност во смисла на претходниот став, осигурувачот е обврзан да надомести најмногу до 50% од набавната вредност на нови предмети;
- за хартии од вредност, архивска граѓа за музејски пред- мети и предмети на изложба - вредноста спогодбено утврдена помеѓу осигурувачот и договарачот на осигурувањето;
- за предмети од благородни метали, непреработени благородни метали, скапоцени камења и бисерни ѓердани, ретки и скапоцени предмети, уметнички предмети, документи, планови, детски цртежи, модели, колани, макети, ракописи, предметни збирки и деловни книги, вредноста спогодбено се одредува помеѓу осигурувачот и договарачот на осигурувањето. Ако таа вредност не е спогодбено утврдена, предметите од оваа точка се сметаат за осигурени најмногу до 50 евра во денарска противвредност од парче, а до 200 евра во денарс- ка противвредност од збирка.

**МЕСТО НА ОСИГУРУВАЊЕ**
**Член 7**

Предметите се осигурени од опасност од провална кражба и разбојништво додека се наоѓаат во просториите, односно во сместувалиштето означено во полисата (место на осигурувањето).

Ако одделни предмети привремено се оддалечени, но најмногу 30 дена, за потреба од користење на осигуреникот, осигурувањето важи и на друго место, освен осигурувањето на пари, скапоцености, злато, платина и на други благородни метали.

Осигурувањето е во важност и тогаш кога сите осигурени предмети се пренесени од местото означено во полисата на некое друго место во рамките на седиштето на осигуреникот, односно на местото на живеење на територијата на Република Северна Македонија.

Осигуреникот е должен за преселувањето на осигурените предмети веднаш, а најдоцна во рок од 15 дена, да го извести осигурувачот. По наведениот рок, осигурувањето престанува да важи.

**УТВРДУВАЊЕ И НАДОМЕСТОК ОД ОСИГУРУВАЊЕТО**
**Член 8**

Висината на надоместокот се утврдува:

во случај на однесување или уништување на предмети – според вредноста на осигурените предмети (член 6) во времето на настанување на осигурениот случај, намалена за вредноста на остатоците, просечните манипулативни кусоци и одобрениот растур (кало), кршењето и расипувањето;
во случај на оштетување - во висина на трошоците на поправката (материјал и работна рака) во времето на настану- вање на осигурениот случај, намалена за износот на пресметаната амортизација во согласност со членот 12 од овие Услови и вредноста на остатоците.
Ако сумата на осигурување е помала од вкупната вредност на предметите во времето на настанувањето на осигурениот случај (подосигурување), надоместот ќе се плаќа сразмерно помеѓу сумата на осигурување и вредноста на осигурените предмети. Во овој случај се применуваат одредбите за подосигурување.
Ако предметите се осигурени на „прв ризик", надоместокот ќе се плати во висина на настанатата штета, а најмногу до договорената сума на осигурување на „прв ризик". Во овој случај не се применуваат одредбите за подосигурување.
Во секој штетен настан пресметаниот надомест се намалува за 15%, ако не се договори поинаку (учество во штета од страна на осигуреникот).
Ако трошоците за поправката на оштетениот предмет се поголеми од вредноста на осигурените предмети на денот на настанување на осигурениот случај, ќе се постапи како тој предмет да е уништен и надоместокот ќе се пресмета според ставот 1 од овој член.
Ако се пронајдени извршителите на провалната кражба, односно разбојништво, и ако дополнително на несомнен начин биде утврдено дека надоместокот по основа на осигурувањето треба да биде помал од износот на исплатениот надоместок, осигуреникот е должен да го врати веќе исплатениот износ. Ако според утврдената висина на вистинската
штета надоместокот по основа на осигурувањето треба да биде поголем од износот на исплатениот надоместок, осигурувачот дополнително ќе му ја исплати на осигуреникот разликата помеѓу исплатениот надоместок и надоместокот што треба да се плати.

**НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИ**
**Член 9**

Осигурувачот ги надоместува трошоците што ги направил осигуреникот кога настанал осигурениот случај запреземените мерки заради отстранување и намалување на штетата, па и тогаш кога тие мерки не биле успешни.
Надоместокот на трошоците од претходниот став и надоместокот од членот 8 од овие Услови вкупно не може да ја надминат сумата на осигурувањето.
Трошоците за отстранување на штетата направени по налог на осигурувачот се надоместуваат и тогаш кога заедно со надоместокот ја надминуваат сумата на осигурувањето.
Во случај на подосигурување, трошоците за отстранување и за намалување на штетата се надоместуваат во ист сразмер како и надоместокот од членот 8, став 1 од овие Услови, освен во случаите кога трошоците се направени по налог на осигурувачот.
Осигурувачот нема обврска да ги надомести трошоците направени за отстранување на причината на штетата, како и трошоците за интервенција на организации и на органи чија должност, според карактерот на работењето, е да укажуваат бесплатна помош кога ќе настане осигурен случај.

**ПРОНАЈДЕНИ УКРАДЕНИ ПРЕДМЕТИ**
**Член 10**

Ако осигуреникот на кој и да е начин разбере каде се наоѓаат украдените предмети, должен е да ги преземе сите потребни мерки, особено преку надлежните органи, да се утврди идентичноста на овие предмети и да му се вратат што побргу. Исто така е должен за своето сознавање, преземените мерки и резултатите од нив да го извести осигурувачот во најкус рок.
Ако на осигуреникот не му е исплатен надоместокот, а не минал рокот за исплата на надоместокот за пронајдените предмети според Општите услови за осигурување на имоти, осигуреникот е должен да ги прими назад пронајдените предмети.
Ако вратените предмети се оштетени, осигуреникот имаправо на надоместок според членот 8 од овие Услови.

Ако украдените предмети се пронајдени по исплатата на надоместокот од осигурувањето или по истекот на рокот за исплата, осигуреникот може да ги задржи за себе, но е должен на осигурувачот да му го врати примениот надоместок за неоштетените предмети со одбивање на неопходните трошоци за преземањето, кои не може да го надминат исносот на исплатениот надоместок, а оштетените предмети може да ги задржи по цена спогодбено утврдена со осигурувачот и да му врати соодветен дел од примениот надоместок. Доколку осигуреникот не сака да ги задржи овие предмети, тие преминуваат во сопственост на осигурувачот.

**ПРОМЕНА НА СУМАТА НА ОСИГУРУВАЊЕ ЗА ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО**
**Член 11**

Договорената сума на осигурување е фиксна за целиот период на траење на осигурувањето.
За времетраење на осигурувањето, договорената сума на осигурување може, на барање на договарачот на осигурувањето, да се зголеми со пресметка на премија според методот на про-рата.

**ПРЕСМЕТКА НА АМОРТИЗАЦИЈА**
**Член 12**

Пресметка на амортизацијата при утврдување на надоместок од осигурувањето се врши во согласност со Уредбата за начинот на пресметување на амортизацијата, односно отписот на вредноста на нематеријалните и материјалните средства и за номенклатурата на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки (Сл. весник на РСМ бр. 64/2002, 98/2002 и 10/2008 година), со сите нејзини измени и дополнувања.

**ПРАВО НА СУБРОГАЦИЈА**

Во случај кога сторителот на кражбата и разбојништво биде пронајден и неговиот идентитет биде разоткриен, друштвото за осигурување се стекнува со право на регрес, односно по исплатата на штетата, осигурувачот има право да бара поврат на тие средства од сторителот.

**ВАЖНОСТ НА ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ИМОТ**
**Член 13**

Доколку не се во спротивност со овие Услови, на осигурувањата склучени според овие Услови се применуваат и Општите услови за осигурување на имот.

**ЗАСТАРУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊАТА**

**Член 14**

Побарувањата на осигуреникот или на корисникот на осигурувањето, односно на трето лице од договорот за осигурување застаруваат согласно одредбите од Законот за облигациони односи.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**
**член 15**

[1] За односите од договорот за осигурување се применува правото на Република Северна Македонија.
[2] За односите меѓу осигурувачот, договарачот и осигуреникот кои не се договорени во договорот за осигурување, се применува Законот за облигациони односи.

**Постапка по приговори**
Во случај осигурувачот и осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, осигуреникот има право на приговор во рок од 8 дена од приемот на писменото известување од

осигурувачот, до Второстепената комисија за решавање на штети по приговор, која е должна во рок од 30 дена да одговори по приговорот.

**Постапка по жалба**

Договорувачот, односно осигуреникот во однос на работењето на Друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија на осигурување како орган надлежен орган за супервизија на друштвата за осигуруавње.

**Решавање на спорови**

Евентуалните спорови кои би произлегле од договорот за осигурување, договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку до спогодба не дојде надлежен е Основен суд Скопје 2 Скопје.

Овие Услови се донесени врз основа на Овластување на Одборот на директори на Друштво за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје дадено на својата редовна седница на 18.03.2019 година со Одлука бр.0203-04/03 и ќе се применуваат од 01.04.2019 година.